ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ" – СВЕТИ НИКОЛЕ

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПР...
КОМУНАЛЕЦ п.о
Бр. 0202-383/3-11
26.11.2013 год
СВЕТИ НИКОЛЕ

# АКТИВНОСТИ
## КОИ СЕ ПРЕДВИДУВА ДА СЕ СПРОВЕДАТ ВО ГРАДСКИ ПАЗАР ВО 2014 ГОДИНА

**Ноември, 2013 година**

# Податоци за активностите,материјали и делови за набавка за 2014год. во Градски пазар во состав на ЈКП" Комуналец" Св.Николе

Градски пазар кој Функционира во состав на ЈКП "Комуналец "Св.Николе зафака површина од 4.546м2 од кои1114м2 е затворен простор и 3432м2 отворен простор.

Во затвореноит дел од пазарот околу 600м2 се дукани кои се во приватна сопственост на поединци и канцаларии за вработените.Во преостанатиот дел се сместени 40 метални тезги кои се користат за продажба како и за магацински простор за чување на роба.На истите тезги во пазарен ден се продава јајца и млечни производи но со такви како што се сега не ги исполнуваме минимално техничките услови за работа.па поради тоа треба да се преземат мерки барем дел оа тезгите да се реконструираат да бидат од затворен тип прилагодени за продажба на јајца и млечни производи.

Сите дукани се приклучени со струја на нашето броило а кај нив се евидентира преку контролни броила на за потрошената електрична енергија ние им фактурираме кое нешто е незаконско.До сега неколку пати се известувани да си изготват елаборати и да си спроведат посебни приклучоци како би се исклучиле од нашето броило.До сега само двајца сопственици ја спроведоа оваа постапка.Па спрема тоа во наредната година уште еднаш да се стапи во контакт со сите сопственици и овој проблем би се решил за секогаш.Како што е сега нас ни се зголемуваат трошоците,бидејки ние мораме да ја платиме сметката за потрошената струја чија сума не е мала што значи ние ги авансираме па дури ако закаснеме со плакање ни се обрачунува и затезна камата.

Сопствениците на дукани добиват сметки за вода и ѓубре за нивниот простор додека за надворешниот дел односно прилазот до нивните дукани не плакат никаков надоместок за одржување.Ние мораме редовно да го чистиме тој простор за што се трошат средства за

хигиена,средства за работа(метли ,џогери )и.др.

За време на празници поради дуканите пазарот мора да работи со исклучок на пѐток и сабота бидејки е пазарен ден кое нешто ни повлекува дополнителни трошоци околу вработените.Законски работникот на празник мора да се плати со 150%поголема дневница. До колку не се тие пазарот нема потреба да се отвара,па затоа треба да се размисли како би можел да се реши овој проблем.

Во внатрешниот дел на пазарот двапати односно на шес месеци треба да се изврши дезинфекција и дератизација.

Да се изврши поправка на изолацијата на покривот,бидејки за време на временски непогоди(дожд,снег)во внатрешниот дел од пазарот тече од сите страни и зидовите се целосно оштетени.До колку се преземат некои активности околу тоа претходно да се разговара со сопствениците на дуканите како би и тие учествувале со сопствени средства барем на квадратурата колку што изнесува нивниот дукан.

Да се изврши белење на внатрешните зидови и до колку е можно да се изврши поправка на таванските сијалични места.

Да се изврши поправка на оштетените стакла на прозорците.

Надворешниот дел од пазарот со површина од 3432м2 може да се рече дека целосно е оштетен .Па затоа треба да се преземат активности околу асвалтирење или пак се што е раскопано да се санира со бекатон плочки.

Една третина од надворешниот дел од пазарот некаде околу 1000м2 законски треба да биде покриен со настрешница.

Во надворешниот дел се сместени 90 тезги кои веќе се дотрајани и со распаднаta кровна конструкција.Па треба да се изврши поправка на истите ,да се изврши фарбање и нумерирање или пак да се изврши набавка на нови .

Да се постават барем две чешми во надворешниот дел,бидејки според законот за нормално функционирање на

пазарите на секој 500м2 треба да има поставено чешма.Во надворешниот дел по новиот Закон да се постават корпи за отпадоци од помал обем.

Набавка на заштитна облека на вработените алати и средства за работа ,канцелариски материјали ,средства за хигиена,чија количина и вид на средства и материјали ќе бидат дополнително наведени во планот за јавни набавки за 2014год.

Да се направи план и анализа за одстранување на возилата кои пазарот го користат како паркинг плац.

Референт :

Драгица Андонова

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ п.о СВЕТИ НИКОЛЕ

Директор:

Марјан Станојковски